# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>18.11.2014 год.<br>БРОЈ 15 ГОДИНА 49 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлуката за исплата на долгот на ОУ„Григор Прличев“ Охрид кон ЕВН Македонија за потрошена електрична енергија | **2** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГОТ НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за исплата на долгот на ОУ„Григор Прличев“ Охрид кон ЕВН Македонија за потрошена електрична енергија , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-2171/3**
**17.11.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 17.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГОТ НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ОХРИД КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

Општина Охрид како основач на основните училишта, а со цел зачувување на оппштествената одговорност, обезбедување континуитет во образовниот процес и обезбедување услови за тековно работење на ОУ„Григор Прличев“ Охрид, се обврзува да го исплати долгот за потрошена електрична енергија кој ОУ„Григор Прличев“ Охрид го има кон ЕВН Македонија, во износ од 813.439,00 денари.

**Член 2**

Средствата за исплата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Охрид, програма Н 1 основно образование, конто 421 – комунални услуги, греење, комуникација и транспорт.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2171/3**
**17.11.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**